СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА

# МИСЛЕЊЕ

**на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола по Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2015 година**

**Битола, 2016 година**

# МИСЛЕЊЕ

## на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола по Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2015 година

Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола дава комплетна слика за работењето на Банката во текот на 2015 година, како и за условите во кои таа ја вршеше својата деловна активност.

Детално се обработени изворите на средствата, со посебен акцент на депозитите, како на населението така и на правните лица, од аспект на нивната рочна и валутна структура. Нивната големина беше решавачка за димензионирањето на билансот на Банката.

Во изминатата 2015 година, условите на стопанисување во домашната економија сè уште беа под силно влијание на надворешните ризици (неповолното глобално опкружување, забавувањето на растот на кинеската економија и нагласените геополитички ризици) како и на ризиците во домашната економија (неизвесноста поврзана со политичките случувања предизвикува воздржаност кај домашните и странските субјекти и повлекува опасност од нејзино прелевање во економијата).

Во такви услови, вкупниот потенцијал на Банката бележи раст од 7,97% односно 711,17 милиони денари во однос на 31.12.2014 година, додека вкупните депозити бележат годишен раст од 6,40%. Бруто-кредитното портфолио на нефинансиски субјекти е зголемено за 15,17%. Воедно, учеството на нефункционалните кредити во бруто-кредитите е намалено за 1,97 п.п. во однос на минатата година и изнесува 15,46% заклучно со 31. 12. 2015 година што придонесе за подобрување на квалитативната структура на кредитното портфолио. Учеството на кредитните изложености класифицирани во В, Г и Д категории на ризик, во вкупната кредитна изложеност, е намалено од 12,66% со 31.12.2014 година на 11,26% со 31.12.2015 година. Исто така, намалување од 1,30 п.п. има и кај учеството на Д кредитни изложености во вкупната кредитна изложеност. Ваквото остварување во голема мера се должи на напорите кои Банката ги вложуваше во текот на 2015 година за наплата на нефункционалните кредити или нивно враќање во редовното портфолио, од една страна, а од друга страна беше извршен отпис на дел од нефункционалните кредити за кои во целост беа исцрпени можностите за наплата.

Соодветен придонес кон подобрување на квалитетот на активата имаше и продажбата на дел од преземениот имот чие учество во вкупната актива на Банката бележи годишно намалување од 1,09 п.п.

Во услови на силна конкуренција во банкарскиот сектор, отежнати услови на стопанисување во домашната економија и бавно заздравување на глобалната економија од неодамнешната финансиската криза, Банката оствари позитивен финансиски резултат, односно нето-добивка за периодот од 1.1 до 31.12.2015 година во износ од 7,84 милиони денари. Оперативниот резултат, како показател за

способноста на Банката за генерирање на оперативни приходи во обем кој не само што ги покрива редовните расходи од работењето, туку останува и вишок за покривање на преостанати расходи, е позитивен во износ од 77,42 милиони денари и истиот е повеќе од двапати повисок споредено со минатата година.

Во овој извештај, исто така, се презентирани и податоци за платен промет во земјата и странство, за управувањето со ризиците на кои е изложена Банката, како и податоци за корпоративното управување, општествената одговорност, организациска структура итн.

Севкупно, може да се констатира дека Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола дава целосна слика за активностите и остварувањата на Банката во текот на 2015 година.

**Битола, 25.2.2016 година**

**Надзорен одбор**
**Претседател**

**Г. Ненад Јосифовиќ**

СТОПАНСКА БАНКА А.Д. БИТОЛА 4